Република Северна Македонија
**Н О Т А Р**
**Стела Лазаревска**
за подрачјето на
основните судови на градот Скопје
бул. Кузман Јосифовски Питу број 19 локал 50 приземје
Скопје

ОДУ број 305/2024

ИЗВОД

17.12.2024 година (седумнаесетти декември две илјади дваесет и четврта година)
Скопје во 10,00 часот

**-----------------------------ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ------------------------**
**--------------------------------- НА АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА СКОПЈЕ----------------------------**
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јас, Нотар Стела Лазаревска, за подрачјето на Основните судови на градот Скопје, со седиште на нотарската канцеларија на бул.Кузман Јосифовски Питу број 19 локал 50 приземје Скопје, потврдувам дека на писмена покана од 02.12.2024 година од АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје за мое присуство и водење на записник од седницата, кое барање е потпишано од извршниот директор на АД- Татјана Лазаревски,- Прилог на оваа нотарска исправа, присуствував на седницата на собрание на Акционери на Друштвото која се одржа на денешен ден 17.12.2024 година, со почеток во 10,00 часот, во Управната зграда кат 1, на Бул. Трета Македонска Бригада ББ Скопје.----
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Како прилог на писменото барање ми беше приложено:**----------------------------------------------------
-**Јавен повик** за одржување на седница на собрание на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна Техника Скопје, објавен во дневно гласило Слободен печат на ден петок 15.11.2024 година;- Прилог на оваа нотарска исправа, со објавен: ---------------------------------------------------------------------------
-**Објава** на јавниот повик на СЕИ НЕТ на ден 15.11.2024 година;--------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**--------------------------------------------------ДНЕВЕН РЕД---------------------------------------------------**
**I. Процедурален дел** -------------------------------------------------------------------------------------------------
**1. Отварање на собранието;**-------------------------------------------------------------------------------------
**2. Избор на претседавач на Собранието;**-------------------------------------------------------------------
**3 .Одредување на записничар-Нотар;**--------------------------------------------------------------------------
**4. Избор на трочлена верификациона комисија и бројач на гласови;**-----------------------------------
**А. Извештај на верификационата комисија;**----------------------------------------------------------------
**Б. Утврдување на кворум за работа и потребно мнозинство за одлучување по точките од дневниот ред;**------------------------------------------------------------------------------------------------------
**II. Работен дел**---------------------------------------------------------------------------------------------------
**1.Донесување Одлука за измена и дополнување на Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна Техника Скопје;**---------------------------------------------------------------------------------------------
**2. Донесување Одлука за одобрување на купопродажба на недвижен имот опишан во Имотен лист број 58529 за КО Кисела Вода 2 на КП 1851/16, сопственост на ДОО Раде Кончар Заеднички Дејности Скопје;**-------------------------------------------------------------------------------

Во мојата архива се наоѓаат:---------------------------------------------------------------------------------------
- Фотокопија од допис од предлагачите Трајкоска Владанка и ДОО Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи-Скопје доставен до АД Раде Кончар –Апаратна техника Скопје-Одбор на директори, заведен под број 0202-118 од 19.11.2024 година со предлог за Избор на претседавач на собранието и предлози по однос на точка 4 од процедуралниот дел од дневниот ред- избор н трочлена верификациона комисија и бројач на гласови;-----------------------------------------------------------------
- Фотокопија Барање за свикување на собрание на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна Техника Скопје доставено од подносители акционери до АД Раде Кончар –Апаратна техника Скопје-Одбор на директори- и извршен директор, заведено под број 0204-103 од 03.10.2024 година;- Предлог одлука за измена и дополнување на Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна Техника Скопје;-------------------

- Предлог одлука за измена и дополнување на Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна Техника Скопје;---
- Фотокопија од допис од предлагачите Велибор Киријас, Горан Јанчиќ, Ненад Јанчиќ, Стевче Шапков, Злате Поповски и ДОО Раде Кончар Заеднички дејности Скопје доставен до АД Раде Кончар –Апаратна техника Скопје-Одбор на директори и извршниот директор, заведен под број 0204-98 од 25.09.2024 година со предлог одлука за одобрување купопродажба недвижен имот опишан во Имотен лист број 58529 за КО Кисела Вода 2 на КП 1851/16, сопственост на ДОО Раде Кончар Заеднички Дејности Скопје;---

-**Акционерска книга,** издадена од Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 16.12.2024 година, во 10:31:03 часот, според која номиналниот капитал на Друштвото изнесува 4.124.600 ЕУР, кој е поделен на 206230 обични акции чија номинална вредност изнесува 20 ЕУР, иматели 631, сопственички позиции 631;-Прилог на оваа нотарска исправа;---

Нотарот извади Тековна состојба на **АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје**, со седиште на Бул.3-та Македонска Бригада бр.ББ Скопје, со ЕМБС 4053222, издадена од ЦР на РСМ –Трговски регистар и регистар на други правни лица од 17.12.2024 одина-Прилог на оваа нотарска исправа;---

Врз основа на погоренаведеното и врз основа на поканата, во согласност со член 92 од ЗН и останатите законски прописи, го составив следниот:---

---**ЗАПИСНИК**---

Пред отпочнувањето на седницата акционерите и нивните полномошници пристапија кон потпишување на Списокот на присутни акционери и полномошници на акционери, по што се пристапи кон евидентирање на пријавените акционери и полномошници на акционери во систем за утврдување на присутност и кворум за работа и одлучување, по што преку истиот систем е изготвена листа на присутност на собранието-Прилог на оваа нотарска исправа.---

По завршувањето на евидентирањето, седницата на годишното собрание ја отвори претседавачот на претходното акционерско собрание Чедомир Стојковски, кој ги поздрави акционерите. Потоа рече дека ќе ја прочита листата на присутни акционери изготвена од службата и праша дали има некој присутен а не е прочитан. Од листата на присутност може да се каже дека од вкупно 206230 акции од кои 476 се без право на глас или 205754 акции со право на глас, од кој што се утврдува кворумот на собранието. На собранието се присутни акционери и нивни застапници кои поседуваат 185.743 претставени акции или тоа е 90,27%. Може да се заклучи дека може да се продолжи со работа.---

**Потоа се премина на процедуралниот дел од дневниот ред.** ---

Со оглед на тоа што е констатирано дека собранието има кворум за работа, се преминува на **втората точка** од процедуралниот дел од дневниот ред **-Избор на претседавач на Собранието**. ---

Г-дин Чедомир Стојковски рече дека на ден 19.11.2024 година доставен е предлог до собранието за претседавач на ова собрание - за Чедомир Стојковски. Друг предлог нема.---

Потоа го стави предлогот на гласање со кревање на рака и за истиот гласаа присутните акционери.---

**Собранието едногласно, со 185.743 гласа ЗА или 100%, го избра Чедомир Стојковски за претседавач на Собранието на акционери.**---

**Претседавачот Чедомир Стојковски** се заблагодари за укажаната доверба и се надева дека ќе има плодна расправа и дека ќе се донесат добри одлуки.---

Претседавачот напомена дека записничар на собранието е Нотар Стела Лазаревска.---

Потоа претседавачот рече дека во однос на **четвртата точка** од процедуралниот дел од дневниот ред- **Избор на трichлена верификациона комисија и бројач на гласови.** ---

На ден 19.11.2024 година до собранието е пристигнат еден предлог од акционери, со кој лицето Теодоров Александар е предложено како бројач на гласови. Потоа претседавачот го стави предлогот за Теодоров Александар за бројач на гласови на гласање со кревање на рака.---

НОТАР СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА СКОПЈЕ

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Собранието со 179.969 гласа или 96,89% ЗА, против нема и со 5.774 гласа или 3,11% Воздржани го избра Теодоров Александар за бројач на гласови;--------------------------------**
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот потоа рече дека на ден 19.11.2024 година до собранието е пристигнат предлог од акционери за избор на тричлена верификациона комисија за Димовска Сузана, Теодоров Александар и Баришиќ Руска.---------------------------------------------------------------------------------------------------------
Потоа претседавачот го стави предлогот за избор на тричлена верификациона комисија на гласање со кревање на рака.------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Претседавачот констатира дека Собранието со 174.188 гласа за, или 93,78%, против нема и со 11.555 гласа Воздржани или 6,22%, ги избра Димовска Сузана, Теодоров Александар и Баришиќ Руска за членови на верификационата комисија;-----------------------**
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Листите за Процедурално гласање-** за Избор на претседавач на Собранието; за Избор на верификационата комисија; за Избор на бројач на гласови се прилози на оваа нотарска исправа;-------
**Списокот** на присутни акционери и полномошници на акционери е Прилог на оваа нотарска исправа;---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Потоа претседавачот ја замоли верификационата комисија да изврши проверка на евиденцијата на присутни акционери и во полномошната и да се провери кворумот по ко ќе се работи.--------------------
Откако се изврши проверка на присуството на седницата и доставените полномошна, Верификационата комисија на претседавачот му даде листа на присутни акционери и застапувани акционери, потпишана од членовите на верификационата комисија, врз основа на која претседавачот го прочита извештајот на верификационата комисија за учество на денешната седница. За седницата се пријавени акционери кои имаат право на 185.743 гласа, односно 90,27% од вкупно 205754 акции со право на глас, без право на глас се 476 акции, за кворум се потребни 102.878 гласа. Претседавачот заклучи дека со присуство од 90,27% собранието има кворум за работа и за одлучување.-----------------
На Нотарот му се дадени листи на застапници на акционери- Прилог на оваа исправа;-------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Потоа претседавачот рече дека собранието може да продолжни со работа по точките од работниот дел од дневниот ред.**------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот нагласи дека јавниот повик за ова собрание беше објавен во законски рок, на ден 15.11.2024 година и тоа во дневниот печат Слободен печат, Сеи Нет и на интернет страницата на друштвото. Материјалите по однос на точките од дневен ред беа достапни на интернет страната на друштвото, како и во просториите на друштвото.------------------------------------------------------------------
Претседавачот ги прочита точките од дневниот ред. -----------------------------------------------------------
Во однос на првата точка - **Донесување Одлука за измена и дополнување на Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна Техника Скопје,** доставени се два предлога – едниот е од Одборот на директори, а вториот од акционери на друштвото. Согласно член 68 од Статутот на друштвото, за оваа точка треба да се донесе со 2/3 мнозинство, па треба да се пресмета со кој кворум ќе се носи одлука. Кворумот е пресметан на 123.827 гласа.----------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори расправа.---------------------------------------------------------------------------------------
За збор се јави Злате Поповски, кој пред да се премине на точките од дневниот ред се јавува за дискусиј во свое име и во име на Стевче Шапков како полномошник. Сака да предочи некои ситуации.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Истакна дека јавниот повик за одржување на собранието е објавен согласно член 385 ст.1 и ст.2 од ЗТД и член 62 ст.1 и ст.1 од Статутот на Друштвото. Овие одредби даваат можност за свикување на собрание по иницијатива на Одборот на директори или по барање на акционери кои имаат најмалку 10% од сите акции со право на глас. Тоа е видно од поднесеното барање од 25.09.2024 година на акцинери со 18,5% акции со право на глас за свикување собрание; другото барање е од 03.10.2024 година од акционери со над 10% акции со право на глас за свикување собрание; Временски до денешниот ден на одржувањето на собрание е поминато скоро 3 месеци, а од изборот на новиот Одбор на директори скоро 5 месеци. Прашува како прво, со оглед на тоа што собранието е свикано по барање на акционери, а не е во континуитет по редовните обврски и надлежност на одборот на директори, зошто одборот не постапи согласно член 385 т.5 од ЗТД и во рок од 8 дена од денот на

---

приемот на барањата да одговори со Одлука за одбивање или прифаќање на барањата кои биле доставени.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Татјана Лазаревски му одговори дека според ЗТД можат да одговорат, но не мораат. Законот дава право и да не одговориме и да не свикаме собрание, рече, а вие собрание може да свикате по судски пат. Законот ја дава таа можност, но ние не го направивме тоа, туку за тоа имаше причини. А тие причини се поврзани со втората точка. За да не се расплинуваме сега, праша, дали може кога ќе се елаборира за втората точка да се каже зошто се чекаше толку.---------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Ѓорѓи Доновски дополни дека самите како иницијатори знаат дека по првичната иницијатива имало корекции на предлог-одлуките. Прво е дадена иницијатива по која немало предлог-одлука, па по укажување на одборот, прифатени се нивните инструкции, па доставена е предлог-одлука, па истата се корегирала од иницијаторот и затоа се чекало, а тоа е по вина на иницијаторите. Иницијативата била формално-правно неуредна.-----------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Потоа Злате Поповски како второ, праша, зошто точките од дневниот ред не се поставени по хронологија на доставените барања, односно точка 1 да биде донесување на одлука за одобрување на купопродажбата на недвижниот имот, а точка 2 да биде донесување на одлука за измена и дополна на статутот на АД? Предлага по тој редослед и да се расправа на денешното собрание по хронологија на барањата. За точка 1 во материјалите има 2 предлог одлуки-едната е на предлог од акционери со над 10% акции- Г-ѓа Јана и г-дин Дарко, со наведено барање и образложение на предлог-одлуката, а другата предлог- одлука нема ниту образложение, ниту е наведено кој е предлагач. Смета дека е неуреден предлог и е беспредметен од формално правен аспект и согласно ЗТД.--------------------------
Татјана Лазаревски му одговори дека дека тоа требало да го достави како предлог во рок од 8 дена.---
Злате Поповски и одговори дека тоа може и денес тоа да се направи.-----------------------------------------
Ѓорѓи Доновски одговори дека дневниот ред е веќе изгласан.----------------------------------------------------
Татјана Лазаревски појасни зошто така направиле, затоа што имало предлог за измена на статутот и тоа многу порано од добивање на иницијативите и од тие причини се ставил дневниот ред по тој редослед. Нема врска и нема значење за да се одвива собранието. Не ја гледам смислата, рече, а сега не може да се менува. Се знае како се менува редослед или дополна на дневен ред.------------------------
Злате Поповски се противи на одговорот, затоа што ова собрание е свикано по иницијатива на акционери, а не на иницијатива на Одборот на директори и дневниот ред би требало да се постави на тој начин. Одборот не можел да го одредува, тој е само извршен орган кој го објавува, а редоследот го утврдиле акционерите со самите барања.--------------------------------------------------------------------------
Татјана Лазаревски предлага дневниот ред да се стави на гласање за да не се расправаат.---------------
Злате Поповски одговори дека акционерите се овде за да носат правични решенија.----------------------
Татјана Лазаревски одговори дека акционерите треба да се произнесат и дека не ја гледа смислата.---
Јана Стојкова Каневче се јави за збор. Се согласува со предлогот на Злате Поповски и го поддржува, затоа што сепак првата иницијатива е дојдена од група акционери и иницијативата била доставена претпоставува, заради тоа што одборот на директори не свикал собрание. Како што беше претходно дискутирано, оваа одлука е од суштинско значење. Таа повлече и втор предлог кој го доставиле таа и Дарко Стојков како акционери со над 10%, како последица на овој предлог и овие две работи биле дискутирани на претходното собрание, со заклучок дека новиот одбор ќе свика ново собрание на кое ќе се стави точка на дневен ред- продажба на недвижноста и воедно измени на статутот. Првичната одлука на претходното собрание која што била предложена од претходниот одбор не е усвоена, со образложение дека се бара дополна на истата во однос на вториот став кој не е опфатен. Во таа насока е нивниот предлог како акционери. Се согласува дека редоследот треба да биде таков- прво да се дискутира за продажбата, зошто тие две точки се тесно поврзани. А во однос на статутот исто така има забелешки, ако веќе има предлог од акционери кои иницираат измена на статутот, редно е да се стави таа како прва на дневен ред, а потоа предлогот од одборот кој е доставен подоцна. Тоа е во однос на дневниот ред и редоследот. Во однос на образложението дали се одговорило или не, не се согласува со образложението кое што е дадено. Не знае дали бил комплетен или не предлогот на другите акционери, но нивниот предлог е комплетен. Не добивме ниедна забелешка, рече, а Вие како одбор согласно ЗТД имате обврска да донесете одлука во рок од 8 дена.--------------------------------

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НОТАР СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА СКОПЈЕ

---
Татјана Лазаревски праша и ако не донесат, што?--------------------------------------------------------------
Јана Стојкова Каневче одговори дека имаат право да добијат информација. Јас ја побарав одлуката написмено, но не ја добив, рече. Не знам дали е донесена и кога е донесена. Очигледно е донесена подоцна.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Татјана Лазаревски Тања одговори дека е пратена информација со известување по емаил.---------------
Јана Стојкова Каневче и одговори дека не е доволно да се каже дека имале причина. Можеби имале причина, но ако се гледа принципиелно, овие два предлога се независни.-------------------------------------
Татјана Лазаревски одговори дека во однос на нивниот предлог немале забелешка, но било врзано. Требало да побараат измена во рок од 8 дена и сега ќе немало проблем. Сега, за да нема проблеми, предлага да се изгласа дневниот ред како што е предложен и објавен.-------------------------------------
Јана Стојкова Каневче објасни дека тежината на собранието е на втората точка и дека првата одлука е во функција втората.----------------------------------------------------------------------------------------------------
Злате Поповски се согласува да се стави на гласање.-------------------------------------------------------------
Горан Јанчиќ се јави за збор. Знаеме дека за измената на статутот се одлучува со 2/3 мнозинство, рече, па праша зошто се оди со два предлога, зошто да нема еден усогласен, кој ќе има консензус на сите акционери. Мисли дека ова не е целисходно, мисли дека одборот не направил едно усогласување, да има широка расправа и да се гласа по усогласен предлог. Треба и други промени да се направат на статутот.---------------------------------------------------------------------------------------------------
Татјана Лазаревски му одговори дека не го смениле цел статут, туку само неколку членови.-----------
Горан Јанчиќ и одговори дека кога од старт имаат два предлога, не е како што треба.--------------------
Ѓорѓи Доновски појасни дека не сметале како одбор да се отвори до крај статутот и сите оние нус појави и неупотребливи формулации од претходниот ЗТД да се усогласат. Ние не можеме да ги запреме акционерите да дадат предлози, рече. Диспозиција е на акционерите. Она што ние мислевме дека треба да се измени, така е предложено, а она што е предложено од Јана е инкорпорирано. Иницијативата тука е иста.---------------------------------------------------------------------------------------------
Јана Стојкова Каневче во однос на дискусијата на Горан рече дека идејата за измена на статутот била врзана со продажбата на недвижниот имот и дека во таа насока е даден и предлогот. Инаку многу промени треба да се направат. Рековме приоритет да се стави на тој член и сите се согласивме дека треба да се смени во таа насока. Можеби вордингот наш не ви се допаднал, можеби имате подобар предлог, но со ширење на измена на статутот и усогласување, а не е услогласен, правиме тродупла работа.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Татјана Лазаревски одговори- на претходното собрание, имаше започнато собрание, па прекинато, па имаше продолжување кое се објави и на кое немаше кворум и ако нема кворум, според ЗТД се свикува ново собрание. Тоа е завршена приказна. Сега имаме ново собрание. Овој одбор сметал дека покрај тој член, може да се даде измена за неколку за кои сме сметале во тој момент, а не за целиот. Има повеќе измени што треба да се направат.------------------------------------------------------------------------
Злате Поповски предложи да не се впуштаат во расправа и дека има предлог да се гласа за распоредот на точките од дневниот ред хронолошки.------------------------------------------------------------
Татјана Лазаревски одговори дека треба да се гласа за предложениот дневен ред. Ако се усвои, добро.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Злате Поповски праша зошто ги занемаруваат хронолошките датуми на барањата.------------------------
Претседавачот одговори дека на секое собрание се расправа по оној дневен ред кој е објавен. Ако сакате да се гласа за објавениот дневен ред, да се усвои, да го стави на гласање.-------------------------
Злате Поповски му рече дека се наметнува над акционерите.-----------------------------------------------
Претседавачот му одговори дека за да може да ја води седницата тоа значи дека има објавен дневен ред и да се изјасниме. Ако не се изгласа, ќе го прекинеме собранието, рече.--------------------------------
Претседавачот го стави објавениот дневен ред на гласање.------------------------------------------------------
**За гласаа: 112.508 гласа или 60,57%**---------------------------------------------------------------------------
**Против гласаа: 9028 гласа или 4,86%**------------------------------------------------------------------
**Воздржано гласаа: 64207 гласа или 34,57%**-------------------------------------------------------------
**Претседавачот заклучи дека на собранието ќе се расправа по објавениот дневен ред.**----
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НОТАР СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА СКОПЈЕ

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвара дискусија по првиот предлог за измена на статутот доставен од Одборот на директори.---------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Листата за Процедурално гласање по точката 1- за усвојување на дневниот ред е прилог на оваа нотарска исправа;------------------------------------------------------------------------------------------**
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Јана Стојкова Каневче рече дека прво смета дека измените во статутот не се целосни како што одборот имал намера да го презентира. Се согласува и дека требало да има работна група, бидејќи промената на статутот не е мала работа, треба да се вклучат и други акционери. Селективно се направени измените и одборот требал да ја образложи својата одлука, тоа го бара ЗТД во член 417, каде е предвидено дека секој промена на статутот треба да биде образложена. Ние немаме никакво образложение за ниту една измена на предложениот предлог-одлука, рече. Во член 13 се спомнуваат делови од друштво, во чл. 21- трајни влогови на акционери; член 32 се уште предвидува фонд на акции за вработени. Прашува, зошто е оставен овој член кога многу добро се знае колку вработени има во друштвото, кои се тие вработени кои би стекнале акции од тој фонд, а да не зборува дека се цитирани друштва кои што со години station наназад се избришани од Централен регистар. Кога би се правело прочистување на текстот, во најмала рака сите тие работи би требало да се опфатат. Во член 36-право на акции, треба да биде право на глас на собрание, а не право на управување; чл 44- врз основа на кои параметри после толку години работење, се менува времетраењето на мандатот на Одборот. Бара да и се одговори, затоа што нема образложение во одлуката. Според нејзино мислење, ставот 2 кој е предлжен во измената на чл.44, треба да биде во делот за надлежноста и исто така бара одговор од одборот- зошто предлага гласањето за избор на членови на Одбор на директори да биде јавно, кога по досегашното работење, изборот се врши со тајно гласање.-----------------------------------
Татјана Лазаревски одговори дека во ЗТД е предвидено дека гласањето по правило е тајно, ако во статутот не е поинаку предвидено и ќе даде образложение за тоа.----------------------------------------------
Јана Стојкова Каневче одговори дека од аспект на процедуралните елементи, тие подетално се предвидени во деловникот, асега предлагаат бришење на деловникот.--------------------------------------
Татјана Лазаревски одговори дека сега го немаа, а понатаму кога повторно ќе се прават измени, може. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Јана Стојкова Каневче не се согласува за повторна измена на статутот, затоа што зборуваат за конкретна промена на статутот и дека овој текст го предлагаат како услогласување со ЗТД. Само укажува каде треба да се направат подобрувања и повторно потенцира дека смета дека ваквиот предлог не е ниту усогласување на реалните потреби на Друштвото. Чл.61 треба технички да се доуреди и смета дека член 74 ст.1 не е усогласен со ЗТД.------------------------------------------------------
Татјана Лазаревски и рече дека ги реди сите членови.---------------------------------------------------------
Јана Стојкова Каневче и одговори дека сработила и ги наредила.-------------------------------------------
Татјана Лазаревски одговори дека поентата не билада се смени целиот статут.---------------------------
Јана Стојкова Каневче ја интересира зошто се предлага бришење на чл.75, односно деловникот за работа на собранието. Се согласува дека можеби е застарен, но тоа е библија по која се работи и претседавачот на собрание има некакви параметри по кои се движи, за да го води собранието. Смета дека доколку се избрише деловникот од статутот, ќе биде театар на секое наредно собрание. Во член 82 се брише општиот колективен договор и сите останати акти кои што се спомнуваат, а сите знаат дека тој на ниво на стопанство се применува на вработените на ова друштво. Не зборува за гранковите договори. Зошто е интенцијата да го менуваат овој член? И битно, од формален аспект зошто смета дека оваа одлука е неподобна, кога се бришат членови, на крај мора да се стави дека со бришењето, останатите се се поместуваат по редоследен број.--------------------------------------------------
Татјана Лазаревски одговори дека нивната интенција не била да го менуваат цел статут, како што не беше ни таа на Јана и Дарко- да се смени еден член. Кога е веќе така- да се смени само еден член, зошто да не се сменат и уште неколку други кои пречат во работењето. Тие два кои ги спомнуваш, рече, не знам зошто тајното гласање за вас е камен на сопнување. Секогаш сме имале проблем со тајното гласање, не можеме да спроведеме коресподенција, значи да ја упростиме работата како сите други Акционерски друштва. Тоа сме имале намера по секоја цена да го смениме. Во ЗТД вика дека по правило гласањето е тајно, освен ако во статутот не е предвидено поинаку. За да си олесниме, да може да гласаме со коресподенција. Со Дарко сме оделе во Алкалоид и не прашаа зошто не си го смениме статутот. Секогаш сме биле за тоа да се смени. Еве ќе го изгласаме вака, а ако има предлог

---

од 10% акционери, ќе биде тајно. А другиот член за мандатот, досега немало таков проблем, зошто сме биле едни те исти членови на одборот. Сега почнуваме со промена на Одборот, правиме мешовити одбори и што се случува. Едниот одбор е до 6 месец, овој одбор почнал од септември и се вртиме. Зошто да не му дадеме мандат од 2 години и да видиме што може да направат. Друго, ако било кој смета, секоја година се одобрува работата на одборот. Ако не се одобри работата на еден или двајца членови, може да се даде предлог за нов член на одборот и тоа на самото собрание. Ќе се свика ново, со нов предлог, во рок не помал од 8 дена и не подолг од 15 дена. И сите оние членови-комисија за акции, влеговме во некои членови што не зафаќаат голема постапка и голема вклученост во работни групи, рече. А тоа што го кажуваш, во ред е.Тие два члена се проблемот, да не беше така, немаше ни да ме прашате. Утре нема да ви се јави кандидат за член на одборот. Вака, пола година има еден одбор, пола година е друг одбор. Секогаш има отстапница. Ме чуди што вие го поставувате ова прашање, рече, а секогаш имало проблем со тајното гласање. Дојде короната, не можевме со коресподенција да спроведеме токму за оваа точка. Така е во Комерцијална Банка и Алкалоид. -------
Јана Стојкова Каневче и одговори дека споредувањата не се коректни. Далеку сме од нив и во однос на клима, услови и разбирање, рече. Како извршен директор години наназад, ниту еднаш не сум слушнала иницијатива да се даде да се смени мандатот, ако било толку проблематично. Сега дојде новиот одбор, па се сети дека мандатот треба да биде подолг.-----------------------------------------------------
Татјана Лазаревски одговори дека условите се сменети и да не ги гледа како персонален состав.---
Јана Стојкова Каневче одговори дека тоа не е причина да се менува. Треба да се гледа перспективно, како Друштвото да работи подобро и дали сега менувањето на мандатот ќе донесе позитивни ефекти. Прашање е како овој одбор ќе биде оценет на крајот на годината. Во однос на тајното гласање, никогаш не сме имале проблем. рече. Технички е можеби потешко. Не може да се мерат со друштва кои имаат сосема поинакви системи и начин на размислување. Законот го предвидел тајното гласање, се уште смета дека ова друштво не е зрело за јавно гласање, од причини што се знае какви се условите за избор на членови на одборот. Моја лична проценка е дека нема клима, рече.-----------------
Татјана Лазаревски додаде дека под претпоставка се усвои јавното гласање, доколку некој даде предлог со 10%, пак ќе биде тајно. Но тоа не е поентата.-------------------------------------------------------
Горан Јанчиќ одговори дека ова што го кажува Татјана Лазаревски е контрадикторно. Без разлика кој е член на одборот на директори, треба да се работи. Во однос на мандатот, ако собранието како највисок орган ја верификува работата на одборот, по сила на автоматизам, ќе даде нов мандат или ќе го одземе.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Татјана Лазаревски одговори дека тоа не важи за овој одбор кој е избран по стариот статут. Овде се зборува за новиот одбор што ќе биде избран.-----------------------------------------------------------------------
Горан Јанчиќ одговори дека кој и да е избран, мора да даде отчет и акционерите мора да го гласаат и праша зошто се свикува собрание секоја година.--------------------------------------------------------------------
Татјана Лазаревски одговори дека е заради годишната сметка и одобрување на работата на одборот на директори.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Горан Јанчиќ праша доколку собранието не го верификува и одобри работењето, како понатаму се постапува, се свикува ли ново собрание ? Повторно се враќаме на тоа наместо да поддржиме еден предлог, не може сто пати да се менува статут. Зошто да има два предлога, рече.---------------------------
Злате Поповски чече дека во материјалите гледа два предлога- еден од Јана и Дарко и вториот или прв како што е наведен во дневниот ред, нема предлагач. Кој е предлагач, праша. Зошто не пишува, не се гледа.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Татјана Лазаревски му одговори дека е објавено како нивни предлог.-----------------------------------------
Злате Поповски и одговори дека едно е објавување, иницијативата за свикување на собранието е од акционери, а не на одборот на директори. Одборот е само орган кој треба да го спроведе тоа што го бараат акционерите. Не гледа дека овој предлог-текст е од некого. Ова е суштествена работа. Овој текст треба да има образложение. Да се впушти во членовите, нема да ги парафразира другите одредби, туку ќе се задржи на нешто што на сите им паѓа во очи- чл.44. Мора да даде реплика на коментарот на Тања, се работи за колизија во однос на тоа кога и како се предлага, вика за мандатот некој може на самото собрание да предложи. Што е проблемот, ако работењето на одборот е добро, има регуларно годишно собрание, се утврдува дека резултатите се добри и го добиле мандатот. Досега со години, памти од 1994 година не било воопшто проблем. Зошто се прејудицира однапред дека било кој одбор ќе го нема. Може да ставите мандат и 4 години ак сакате. Според него, треба да остане како што е. За другите членови нема да коментира. Во сите нормативни промени, кога се

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

менува некој акт, најверојатно се прават стручни тела кои ќе посочат некој експониран акционер, а и секој со своите знаења може да придонесе. Така не е постапено од страна на одборот. Предлага да се состави комисија или тело кое ќе направи пречистен добар акт кој ќе трае. А доколку потоа има потреба да се менува некој член, тоа би било ад хок. Треба да си направиме свој устав, рече, кој ќе го знае секој акционер. Се противи на овој член, а и акционерот кој го застапува се противи.---------------

Чедомир Стојковски се јави за збор. Оваа точка се дискутираше на претходното собрание кое не беше успешно и тогаш се констатираше дека беше во прашање само член 80 ст.2 и 3. И тогаш имаше дискусии и не помина. Се донесе заклучок дека треба да се продолжи да се работи на статутот, особено на член 80 кој предизвикува и други последици со продажбата, а врзано со наградата на Одборот. Има заклучок да се направи комисија, да ја разгледа промената на член 80, но и на други точки кои не се усогласени и се застарени. Сега гледа дека има 2 предлога, едниот е само за чл.80 и другиот предлог од одборот со кој се разработувани повеќе членови кои не се логични, избришани и сл. Јас тука ќе спомнам дека се противам на бришење на чл.75 кој се однесува на деловникот според кој се утврдува како собранието донесува одлуки и работи според деловникот, рече. Лично ме засега и наидуваме на некои проблеми. Треба да имаме деловник, за да може било кој претседавач да раководи со собранието. Овој е многу стар, од 2000 година. И има многу неусогласени одредби, но некои се многу убаво дефинирани, за давање на збор, одземање на збор, отстранување од седница, како се гласа, кои се правата и должностите на претседавачот. Претседавачот не може да го знае целиот ЗТД и целиот статут. Затоа тој член од статутот не треба да се брише или ако се изгласа овој предлог, да стои дека треба да се направи деловник, за да може собранието да работи како што треба. Има и добри промени, но и некои за кои што не се согласувам. За чл.60 т.15- стои дека собранието избира претседавач, записничар и двајца оверувачи на записник. Тука не е направена промена. Така не се постапува, да стои дека потписници на записникот се претседавачот и нотарот.--------------------

Татјана Лазаревски му одговори дека не мора секогаш да има записничар нотар.---------------------------

Чедомир Стојковски одговори дека до сега било така.-------------------------------------------------------------

Татјана Лазаревски му одговори дека ако нема нотар како записничар, ова си држи. Зошто би го менувале. ЗТД предвидува нотар кога се врши промена на статут, а секако дека може да има записничар нотар.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Чедомир Стојковски и одговори дека тешко да може некој да го направи записникот. Предлага и таа точка да се усогласи.------------------------------------------------------------------------------------------------------

Татјана Лазаревски одговори дека може да се направи измена и дополна, сега имаме само еден член. Технички не смета, ако се изгласа добро, или и ако се изгласа остануваме на тоа да се формира група, па макар и на изгласаното да се направи промена. Од тоа не бегаме. Менуваме делови од статутот, знаеме која е заложбата. Сега едно не разбирам. Се обрати на Јана Стојкова Каневче- На минатото собрание кога имавте можност да додадете еден член, го направивте осакатено, сте можеле, а не се направиле. Сугериравме, Злате ме поддржа, не се согласивте. Како одбор сите бевте тука. Имавте можност да си го смените чл.80, но не го направивте. Кога се побунивме и побаравме да се смени во интерес на нештата, затоа што се одлучуваше за продажбата, се немаше слух за тоа, така? Значи тоа беше во времето кога ние не бевме избрани како одбор. Тогаш, на 10.05.2024 год. кога немавме поим што ќе се случи на собранието, за тој член 80 се немаше волја да се смени иако Злате ме поддржа, рече.-----------------------------------------------------------------------------------------------

Злате Поповски и рече дека и сега ја поддржува за член 80.----------------------------------------------------

Татјана Лазаревски продолжи - рековте дека не може одборот ништо да направи, еве сега е истото, ние дадовме предлог, го средивме член 80, додадовме уште неколку члена кои држат и тоа како, зошто тој мандат не значи за мене, значи за некој кој ќе се кандидира од надвор. Никој нема да дојде за една година. Нека си се произнесат акционерите. Немој после да даваш иницијатива за член 80.

Јана Стојква Каневче одговори- на самото собрание не се менуваат одлуки. Изменетото ќе го спорат. Од тогашен аспект не ви се допадна одлуката и рековме на првото наредно собрание како приоритет да се стави чл.80. Од тие причини нашиот предлог е само за тој член. Не се согласувам дека другите предлози се технички измени, шминка. Да не ги гледаме од технички аспект, фаличен ви е предлогот. Спротивен на законот, немате образложение. Менувате библија на друштвото која функционира години station наназад, без ниту еден збор образложение. Во член 417 ст.3 вика утврдениот предлог-одлука

НОТАР ... ЛАЗАРЕВСКА

---
на статутот мора да биде образложен, од старт ви е проблематична предлог одлуката. Да не зборувам за тоа што не може ние сега да го прифатиме предлогот на Чедо, да додадеме нешто во предлог одлуката. Не се навраќај на претходното собрание, рече.---
Злате Поповски предложи да бидат прагматични. Се навраќаме на 10.05.24 год., рече, кога се инициraше да се регулира чл.80, имаше иницијатива. Имаме и точка за продажба. И сега, во иницијативата од Јана и Дарко го има член 80. Чедо го поддржувам за деловникот, но предлагам за сите членови да се направи еден добар устав, така како што заговара ЗТД и деловните обичаи, да биде квалитетен акт. Сега може да зборуваме само за член 80 кој е поврзан со продажбата. Од тука излезе потребата за таа работа. Сето друго става простор да се надмудруваме. Предлага да се разгледа само чл.80 зошто е поврзан со втората точка.---
Татјана Лазаревски му одговори дека има и друг предлог.---
Злате Поповски и одговори дека има, ама дека нивниот предлог е спорен и не може да се разгледува.-
Татјана Лазаревски одговори дека не можат да го смениат предлогот. Ќе се стави на гласање и готова работа, рече.---
Канчевски рече дека дневниот ред е изгласан и праша дали може да се стави точката на гласање. Што е ова, си играме играчки со времето, рече.---
Претседавачот ја стави точката на гласање - **Донесување Одлука за измена и дополнување на Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна Техника Скопје- предложена од Одборот на директори;**
**За гласаа: 115.272 гласа или 62,06%---**
**Против гласаа: 34.084 гласа или 18,35%---**
**Воздржано гласаа: 36387 гласа или 19,59%---**
---
**Претседавачот појасни дека за носење на одлука за измена на Статутот е потребно 2/3 мнозинство.---**
---
**Претседавачот констатира дека Собранието со 115.272 гласа или 62,06% ЗА, со 34.084 гласа или 18,35% ПРОТИВ и со 36387 гласа или 19,59% Воздржани, не ја донесе Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна Техника Скопје предложена од Одборот на директори;---**
---
Листата за гласање по точка 1 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;---
---
Претседавачот отвори расправа по втората предлог-одлука.---
Татјана Лазаревски Тања појасни дека членот 80 што е предложен и членот 80 што одборот го предложи има голема разлика. Затоа праша дали предлагачите си остануваат на својот предлог или ќе го повлечат, од аспект дека го задржале ст.2, а одборот го избриша ст.2. Понатаму, има и некои други измени кои се во интерес на акционерите, па прашува зошто како акционери го предлагаат.Ако остануваат на предлогот, ќе се гласа. Но според неа, чл.80 вака како што е предложен, треба да претрпи измени и не е целосен за да биде во интерес на акционерите.---
Јана Стојкова Каневче одговори - со оглед на тоа што предлогот е наш, прашани сме дали го повлекуваме. Не, не го повлекуваме, ставен е на дневен ред и во секој случај е подобар од постоечкиот во статутот. Како наредна точка ја имаме точката за продажбата. Стојам на ставот, не ја повлекуваме и подобро е во оваа фаза да ја донесеме оваа одлука, па во некоја наредна измена да ја подобриме. Секогаш може да се подобри.---
Претседавачот ја стави точката на гласање - **Донесување Одлука за измена и дополнување на Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна Техника Скопје- предложена од акционери Јана Стојкова Каневче и Дарко Стојков;---**
**За гласаа: 45.639 гласа или 24,57%---**
**Против гласаа: 102.483 гласа или 55,17%---**
**Воздржано гласаа: 37.621 гласа или 20,25%---**
---

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 45.639 гласа или 24,57% ЗА, со 102.483 гласа или 55,17% ПРОТИВ и со 37.621 гласа или 20,25% Воздржани, не ја донесе Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна Техника Скопје предложена од акционери Јана Стојкова Каневче и Дарко Стојков;---------------------------**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Листата за гласање по точката 1/2 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;-------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По завршеното гласање, се јави за збор Корина Киријас Џалева. Бидејќи голем дел од акционерите се тука, предложи да се даде еден одреден временски интервал, секој оној што има било каков прелог по однос на статутот и има волја да даде придонес, да го даде во писмена форма или да се задолжи Одборот на директори да ги повика акционерите на неформален состанок, да се формира работна група, за да не се случи истото на наредното собрание и на кое ќе се излезе со еден предлог. Истиот предлог го дадов на минатото собрание, рече. Акционерот Горан Антевски даваше предлог пред години. Еднаш треба да се реши во интерес на сите. Дали се согласувате, праша.-------------------------

Чедомир Стојковски рече дека се согласува, бидејќи главната иницијатива е за член 80, но бидејќи таа промена не се изгласа, а втората точка е поврзана со чл.80, мисли дека треба да се направи во догледно време. Ако втората точка се усвои, не треба да важи член 80. Или додека да се усвои, да се направи таа промена.------------------------------------------------------------------------------------------------

Корина Киријас Џалева рече дека предлогот е конкретен- до крајот на јануари сите акционери нека напишат на е-маилот на друштвото, за да се вклучат во работна група или писмено да дадат предлог или физички да бидат присутни. Ќе се свика состанок и до пред наредното собрание да се пречисти текстот.---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Злате Поповски го поддржа предлогот како конструктивен. За да не се бунтуваме, а е во интерес на сите акционери.-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Иницијативата е прифатена од акционерите едногласно. Таа иницијатива е задолжителна за одборот, а сите кои можат да помогнат, да дадат придонес за изработка на новиот статут.-------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Потоа се пристапи кон втората точка од дневниот ред- Донесување Одлука за одобрување на купопродажба на недвижен имот опишан во Имотен лист број 58529 за КО Кисела Вода 2 на КП 1851/16, сопственост на ДОО Раде Кончар Заеднички Дејности Скопје;--------------------------**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија.---------------------------------------------------------------------------------

Татјана Лазаревски рече дека претседавачот прво треба да каже со кое мнозинство се носи оваа одлука.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јана Стојкова Каневче одговори дека се носи со просто мнозинство.---------------------------------------

Татјана Лазаревски се зачуди на одговорот на акционерот.----------------------------------------------------

Ѓорѓи Доновски се јави за збор. Рече дека сака да сподели некои факти и околности, моменти, податоци, кои се надева дека ќе им користат на акционерите при гласањето. Одлуката си ја носите вие, рече. Предлог одлуката е поднесена од група иницијатори, преку иницијатива, за да се стави на дневен ред и не може да се воздржи од правен коментар дека ваквата одлука како што е поставена во диспозитивот кој треба да биде усвоен, од формално правен карактер е небулозна. Ние по статутот и законот можеме да одлучуваме за или против продажба, рече. Не можеме да одлучуваме за прифаќање на услови од некоја си понуда, дали се прифаќаат или не се прифаќаат условите. Диспозитивот на оваа одлука треба да биде за или против купопродажбата. Крај. Онаа понудата која сте ја ставиле во прилог односно не е во прилог, тогаш тоа е формално правен недостаток и ќе кажам зошто оваа одлука не е спроведлива. Прво, од нас како колективно тело барате да ги спроведеме сите дејствија, а не кажувате кои дејствија. Наш претставник треба да се јави на собирот да каже за или против, а не дали ги прифаќа условите или не. Вака како што имате поставено, сметам дека акционерите кои не се тука се во заблуда, а ги застапувате и не знам какви причини му образлагате во врска со донесување на ваква одлука. Ќе напомнам дека во еден пасос се вика дека доколку во рок од 2 години за донесување на ДУП –от, истиот не се донесе, односно се пролонгира неговото донесување повеќе од 2 години, тогаш сопственикот и купувачот ќе пристапат кон склучување на договор за купопродажба на предметната недвижност. После 2 години, може да биде и 10 години. Немаме временска рамка во која дали ние или купувачот ќе падне во задоцнување или

---

пак крајно да бараме неисполнување на условите од преддоговорот. Во овој дел, онака како што наметнувате во делот на диспозитивот кој го предлагате со оваа одлука, вака да гласаме во собирот на ЗД, јас мислам дека е многу нефер спрема акционерите. Од друга страна, сакам да напоменам дека во образложението напоменувате една канонада на понуди кои биле разгледувани на собирот на содружници, од тука сметам дека работоводниот орган како што ја доставил оваа оваа понуда, требал да ги достави понудите и од другите понудувачи. Сметам дека имаме и квалитетни понуди кои се разликуваа во временската рамка, не е само цената во пташање, туку и рокот на исплата. Понудени 6 или 7 милиони евра сега или после 2 години нема да бидат исти, посебно во услови на вакви инфлаторни дисторзии, не само кај нас, туку и во светски рамки. Од друга страна, јавно ви укажувам на сите, се во интерес да ги заштитиме акционерите на ова друштво, го повикавме понудувачот Голден Арт на работен состанок каде што беа сите членови на Одборот на директори. Го викнавме со една цел, да ја подобри понудата во однос на рокот на исплата на цената и изрази позитивен сигнал дека ќе ја подобри и ќе го стави рокот до 31.12.2025 година или на почетокот на 2026 година. Од друга страна, со оглед на потенцијалната можност за дооформување на градежната парцела со нови 23000 м2, исто даде позитивен одговор дека ќе размисли во кој процент може да ни додели од идното земјиште.На овие околности сакам да им укажам на акционерите дека заради ваквата наша постапка, посебно од страна на управителот, присутен тука, бевме укорени, за тоа кое право сме го имале ние да преговараме со понудувачот Голден арт и дека ексклузивно право имаат Заеднички дејности. Нашата намера беше доблесна, за вас да извлечеме што е најдобро. Добивме позитивен сигнал, но од страна на Заеднички дејности, особено од управителот беше укажано дека не сме тие со кои треба да преговара и дека тука треба да се прекине и дека единствен претставник со кој треба да преговара е собирот на содружници на Заеднички дејности. Оттука добивам морално право да се сомневам во целокупната процедура, како е водена оваа постапка за продажба, прибирање и разгледување на понуди, од причина што очигледно дека од акционерите се прикриваат другите понуди. Во образложението се цитирани, но не се доставени и не се знае нивната содржина. Сметам дека секој акционер има полно право да ја знае содржината и за што одлучува. Од тие причини, вака нетранспарентно водење на постапката, не може да донесе до макимално искористување на правата и интересите на акционерите. Ние како работоводен орган на ова друштво ги дадовме сите напори да можеме да дојдеме до подобра понуда за која имавме позитивни сигнали, но очигледно е дека се соочивме со сериозни опструкции и од собирот и од управителот. Од друга страна, со оглед на тоа дека се наметна прашањето со какво мнозинство се носи оваа одлука, ваквата иницијатива посебно што е потпишана од управителот на Заеднички дејности, требаше да содржи финансиски импликации кои ќе имаат во деловните книги и за нас, а и за Заеднички дејности, во оценување дали станува збор за голема зделка, дали станува збор за намалување на основната главнина во Заеднички дејности, дали станува збор за намалување непосредно на главнината на ова друштво, во придружните ентитети, мислам на ДОО и ваквата иницијатива ја сметам за тотално некомплетна и акционерите немаат соодветна слика за целокупната состојба, дотолку повеќе што ние сметавме дека понудата каква е, таква е, може да се зголеми, но наидовме на опструкции тоа да се реализира. Со оглед на тоа што се наметна прашањето на мнозинството, претходниот одбор на ден 04.01.2024 година објавил на СЕИ НЕТ склучување на голема зделка. Бордот на директори така ја оквалификувал и во рубриката урнек на сеи нет ја објавил како голема зделка. Со ваквата објава треба да има континуитет и да се водиме спрема тоа, инаку доколку ние одлучиме дека не се работи за голема зделка од која зависи мнозинството со кое се одлучува на собранието, промената на начинот и третманот на донесување на одлуката ќе има третман на давање на измамничка информација према берзата и према сите учесници на пазарот. Од овие причини, молам да се води сметка за мнозинството со кое ќе се одлучува, бидејќи како и претходниот борд, така и ние сметаме дека ова претставува голема зделка, а од друга страна, ако се направи една проста математика на деловните книги на Заеднички дејности, за кое управителот не не удостои со анализа како оваа продажба ќе влијае на деловните книги, така да и донесувањето одлука со квалифицирано мнозинство ќе даде само еден подобар импулс на сигурност на акционерите и на потенцијалниот купувач во насока на законско донесување на одлука за продажба од ваков сериозен карактер.---------------------------------------------------------------------------------

Татјана Лазаревски се надоврзува. Она што го кажа Ѓорѓи комплетно го поддржува, но би се надоврзала уште малку околу големата зделка, зошто веќе е објавена како таква и според одредбите на ЗТД ова се смета за голема зделка.-----------------------------------------------------------------------------------

---

Горан Јанчиќ побара да се прочита објавата.---------------------------------------------------------------------
Татјана Лазаревски рече дека може - на 04.01.2024 година, согласно глава 6 од правилата за дотација известваме за следната голема зделка и кажува:-------------------------------------------------------------------
На ден 21.12.2023 година собирот на содружници на Заеднички дејности во која АД Апаратна техника поседува 40% од вкупниот број на удели, донесе одлука за прифаќање на понудите на Голден Арт ДОО Скопје за продавање на управната зграда на Заеднички дејности по цена од 5.800.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на НБРСМ на денот на плаќањето. За предметната одлука ќе биде свикано и собрание на акционери на кое акционерите ќе треба да се изјаснат во врска со наведената одлука. Значи, одлуката е веќе донесена. Ги читав записниците, рече, јас комуницирав неврзано пред да дојдам и уште тогаш имав забелешка дека дека не треба да се објавува на сеи нет. Да напомнам дека Голден Арт многу реагираше на таа објава и дека била целосно непрофесионална, како и дека имале проблеми. Им реков дека морало да се објави, но нив тоа не го интересира. Од друга страна, одлуката која е донесена од страна на собирот на содружници правно не е донесена. И формулацијата што стои овде, во ова образложение е нелогична и не знам како би се усвоила. Стои- одлуката на собирот на содружници на Заеднички дејности ќе стапи на сила по донесена одлука на одобрување за купопродажбата. Штом вика ќе стапи на сила, значи дека е донесена. Практично, одлуката на собир на содружници ќе биде донесена откако собранието на акционери ќе донесе одлука за продажба или не и ќе го овласти одборот на директори, на собирот на содружници да гласа со тие 40%. Према тоа, целава оваа одлука вака напишана, апсолутно не држи. Од друга страна, мене не ми е јасно, рече, даден е третман на донесена одлука, претставникот на Апаратна техника ја објави како голема зделка, а знаеме дека голема зделка е за над 50% од сметководствената вредност на друштвото. Вредноста ја најдовме.-------------------------------------------
Горан Јанчиќ ја прекина и рече дека само замолил да ја прочита објавата.------------------------------
Татјана Лазаревски рече дека сака да каже дека тој претставник на одборот ја потпишал одлуката која не требал да ја потпише, ја објавил како голема зделка и ако е така, знаеме како се одобрува голема зделка, со над 50% од проценетата вредност на друштвото. Вредноста е нешто повеќе од 40 милиони евра, овде зборуваме за зделка од 7 милини евра. Упорно тврдите дека одлуката е донесена и сега што треба ова собрание да направи, да ја стави во сила, како кога се објавува закон во Службен весник и ќе чекаме да се објави. И сега во врска со одлуката, ги читав сите записници, рече. Киријас рекол дека одлуката не е донесена, Душко рекол, како носиме одлука, кога собранието треба да донесе, Здравко убаво рекол, оваа одлука да се потпише без Апаратна техника и како предлог да се достави до собранието. Никој тоа не го направил, туку цело време се зборува или е донесена, или не е донесена, а тоа е толку важно, тоа е тотален дефект во целата постапка. И не може вака да опстои. Нема проценка, ајде за тоа и да не навлегуваме, а може да ни направи проблем, особено на содружниците може да им направи проблем. Тој имот е на Заеднички дејности, а не е на содружниците. Од друга страна, кажувате дека одлуката е веќе донесена и не знам што е целта на ова собрание. Сега имаме донесена одлука која треба само про- форма да ја оснажиме. Предлогот е тој, а суштината не е таа. Суштината е дека треба да донесеме одлука со која ќе го овластиме одборот на директори како да гласа конкретно. По мене, ако јас се прашувам, тоа е само дадена согласност на содружниците, начелна, за да може да почне постапката и да може собранието да одлучи дали ја прифаќа продажбата или не и да го овласти одборот на нов собир во Заеднички дејности да гласа. А ние сега имаме донесена одлука на која претставникот на Апаратна техника се потпишал. Не друго, понатаму зборуваме за голема зделка, за начинот на гласање со 2/3 мнозинство. Затоа што како и да го земеш, членот од ЗТД вика – за голема зделка се смета зделка вклучувајќи без ограничување заем, залог, кредит, гаранција или меѓусебно поврзани зделки, доколку таквата зделка се однесува на стекување или можно отуѓување, директно или индиректно. Ти не продаваш директно свој имот, туку индиректно, како сопственик на 40%. Која е логиката да размислуваме дали е или не е голема зделка. А веќе е објавена.-------------------------------------------------------------------------------------------
Киријас Велибор одговори дека и Тања и Ѓорѓи трескаат глупости и измислуваат работи. Тања- и рече, одлуката се носи со 2/3 во Заеднички дејности, тоа не го кажуваш. Во Заеднички дејности мнозинството е соодветно. И затоа управителот убаво бара собранието да се изјасни. Не ги вртите работите. Тоа што го кажуваш за после 2 години дека може да бидат и 10 години е глупост, договорени се 30 дена, ама ако не ги знаеш работите прашај го управителот. Целата грешка што стана е тоа што претходниот преседател на одборот на директори овде, што ја потпишал одлуката. Инаку

НОТАР СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА СКОПЈЕ

---
60%, односно сите останати содружници ја потпишаа, сите. Тоа не го кажувате. За Апаратна техника ова не е голема зделка. Имате 400.000 евра во Заеднички дејности, 800.000 евра во Контактори, а не 7 милиони со кои мавтате. Зборуваме за гласањето, за Апаратна техника не е голема зделка. Тие 400.000 евра во однос на цел капитал што го има Апаратна техника, плус 800.000 евра во Контактори како и 900.000 во друго друштво. Мавтосувате овде. Во однос на тој претходникот за кој што зборувате, ете зошто треба да се бираат на една година, заради ваквите глупости.--------------
Татјана Лазаревски праша дали е само тој крив.------------------------------------------------------------------
Киријас Велибор потврди дека само тој е крив и дека ако не требало, не требал да се потпише.--------
Татјна Лазаревски праша зошто не го отповикале.-----------------------------------------------------------------
Киријас Велибор повтори дека сите други содружници со 60% гласале ЗА и тоа да се почитува. Цело време се одлага, а сите содружници се согласни.-----------------------------------------------------------
Ѓорѓи Доновски рече дека тука се да ги советуваат. Колегата од претходниот состав не згрешил- се работи за голема зделка, рече.-------------------------------------------------------------------------------------------
Горан Антевски се јави за збор и рече дека оваа предлог-одлука што била на претходното собрание била потпишана и изгласана на бордот на директори дека е голема зделка, а потпишан е доктор на науки, правник со стручно знаење. Цени дека ако од негова страна е предложена како голема зделка, акционерите како лаици не можат да кажат дека не е, кога тој овде бил истакнат како еминентен стручњак, професор, бил декан на факултет за правни науки, па затоа очекува дека е така и е ОК. Сега не знам што се сака да се направи, рече, ако е голема зделка, треба да се гласа со 2/3 мнозинство. Вие како претседател треба да кажете, вие одговарате најмногу. Јас кога ја читав предлог-одлуката за собранието, тоа е голема зделка.-----------------------------------------------------------
Злате Поповски рече дека многу го изненадува г-динот Ѓорѓи, почитуван претседател и во даден момент, на неколку собири на содружници во Заеднички дејности во својство на застапник и полномошник на содружникот, имал активно учество меѓу кое и содржината на одлуката. Сведоци сме дека одлуката ја куцавме со него, рече. Во ниту еден момент немавме дилема, се убедивме за содржината на одлуката. Таа се направи по многу состаноци, консултации со правната фела, ангажиран беше и адвокат и бевме убедени во исправноста на постапката. Во т.2 од одлуката каде вика дека се овластува Одборот на директори на Апаратна техника да ги преземе потребните активности и да ги даде потребните согласности за реализација на купопродажбата итн, значи дека се задолжува Одборот ова да го спроведе, да организира состанок и да се произнесе по однос на условите кои се утврдени со 60% содружници. Второ, одлуката ќе стапи на сила кога овде ќе се произнесеме како да стапи на сила со 3/4 во ДОО. Заеднички дејности е сопственик на имотот. Викаме одлуката е донесена. Не е донесена, затоа што во неа таксативно е наведено дека ќе стапи на сила откако ќе се произнесе собранието на Апаратна техника. Во спротивно, нема одлука. Во однос на 2-те години, многу добро знаете дека со недели и месеци преговаравме за капар. И за тоа што значи капар, а што аванс, што значат условите, за да немаме некоја друга беља. Условите се пеглаа долго. Беше подвлечено во вербален разговор со понудувачот, што побрзо да се плати и ни беше речено дека може и на почеток на 2025 година во март дека има изгледи да исплатат целосно, а двете години значат дека и доколку поминат, по 30 дека ќе склучат договор. Не сакаат да ја пропуштат зделката. Тоа значи добитна варијанта за нас. Се пресметуваа во однос на двете годинии за ДУП-от. Имаше предизборна кампања, кој ќе биде. Свесни сме дека секој има некоја релација за да му пројде целата приказна, било во Општина или МТВ. Не треба да видат дека сме несериозни, цела година изгубивме во договарање, препирање и надмудрување. Тие не сакаат да си го валкаат образот како голема компанија, ако пројдат 2 години, сепак ќе го купат. Воедно ќе гледаат да го реализираат порано. Тоа што вие сте презеле чекор, па сега го обвинувате управителот на Заеднички дејности, јас сум 40 години во друштвото и мислам добро за сите, го чувствувам како свое. Тоа што викате дека претставникот на Апаратна техника дека згрешил, тоа не е од интерес на заеднички дејности. Од друга страна, толку време е поминато од февруари, никој не даде писмена претставка до собирот на содружници и немаше никакви забелешки по однос на целата постапка, освен вербално. На 10.05.2024 од страна на Антевски и Ѓорѓи беше речено дека не било транспарентно. Потранспарентно амин. Разговаравме во полн состав. А тие предлози што беа дадени на самото собрание се повлекоа. Многу нешто кажува тоа и на самото собрание не може да дојдат директни понуди. Вашето договарање како одбор нема легитимитет. Зошто?- затоа што одењето на секој од содружниците посебно да се пазари ниту е упатно, ниту деловно, така секој ќе си стави сомнеж. Органот

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
одлучуваше, управителот не мрдна со ниту еден свој исказ без да добие изим-став, а ставовите се дефинирани на официјалните состаноци и во неофицијалните. Како група напишавме одговор на барањето колку пати собирот одлучувал и формално и неформално. Заземавме ставови, но никој поединечно не отишол како вие. Не викам дека не сте имале добра намера, ама не е тој патот. Ние ги дефинираме условите и луѓето чекаат да кажеме дали тие пијат вода и дали имаме комплетна одлука со поврат од Апаратна техника, каде што се заокружува постапкат. Комуникациите со управителот се нормални, баравме пролонгирање на роковите додека да се разбереме дома. Повратно дојде писмо за рокот, го прифативме со анекс. Што правиме сега, што паметуваме. Која е целта. Ова тука е купено по 5 евра/м2 и ние имаме огромна капитална добивка. Имаме квалитетен предлог, 7 милиони не е мала работа. Во однос на гласањето, собирот го поставува високиот ценсус во однос на продажбата. Собранието е пропратно, за да може тие што се овластени да ја застапуваат Апаратна техника, да дадат изим. Без вас, нема одлука во собирот на содружници. Интересите на сите се толку дигнати, што сите имаат интерес за оваа работа. Ова требаше со акламација да се прифати. Во однос на тоа што бараш Ѓорѓи од управителот дека требал да напише, да те потсетам, постапка за одобрување на голема зделка . Во член 456 т 5, Оборот на директори односно надзорниот одбор на собранието му поднесува писмено известување за голема зделка во кое што наведуваат дека собранието треба да го разгледа. ----------------------------------------------------------------------------------------
Ѓорѓи Доновски одговори дека тоа е така кога е тој иницијатор. Кажи ми ти сега, го праша Поповски, дали нас не засега продажбата директно или индиректно. Што барате на собрание, донесете си одлука таму. Кој беше иницијатор на таа одлука, јас или ти. Ако бевте доблесни и стручни, ќе ми дадевте податоци за тоа какви финансиски импликации има ова. Тоа што кажува Киријас е глупост. Рече дека заедно сме ја пишувале одлуката. Ти дојде со однапред напишана одлука од дома, зошто викаш дека заедно сме ја пишувале.-----------------------------------------------------
Злате Поповски му одговори дека секогаш се спрема.-------------------------------------------------------------
Кочмановски рече дека сака математички да го претстави моделот- Апаратна техника има 40% во Заеднички дејности и ако се гласа со просто мнозинство, тоа во Заеднички дејности ќе биде 26% и таму нема да го донесе 2/3 мнозинство или 66%. Во секој случај ова е голема зделка.--------------------
Татјна Лазаревски го праша Злате Поповски- кој го најде Голден Арт, кој го побара, ја интересира дали зделката ја договарала група содружници или кој. Кој го направи првиот контакт? Нема логика сите групно да разговараат со Голден Арт. Ние сме претставници на содружник. Секој содружник има право да стапи во контакт со Голден Арт како потенцијален купувач. Ние ништо лошо не направивме. Поентата е дека ние не сме прашале. Не е точно дека не сме прашале. Пред да го викнеме Голден арт, го викнавме управителот на Заеднички дејности, му кажавме дека ќе го викнеме Голден Арт сите како одбор на директори, за да пренесе во Заеднички дејности, да свика собир да дојдат сите содружници, на кој што собир не можевме до збор да дојдеме, имаше викање, карање, расправии, каде ние нагласивме дека ќе го викнеме Голден арт. И што е сега најинтересно во целава работа, имавме закажано состанок на 26.09.24 год. одбор на директори и Голден арт, а мене дента пред тоа, на 25.09.24 ми стигнува иницијативата со донесената одлука на собир на содружници, а ние се спремаме да преговараме за подобри услови. А тие подобри услови ги пренесовме на управителот, тој цело време е во тек. Што значи не сме отишле сами по своја иницијатива без да кажеме. Нашите услови кои ги поставивме пред Голден арт, изразија желба да комуницираат и да договараат. Се разговараше 7-те мил. да се исплатат до крај на 2025, за да може веќе во 2026 да ги поделиме парите со годишниот биланс, да не биде 2028 година. Сега ако добиевме поддршка од другата страна, затоа што одеднаш после тие два контакти се изгубија, не ни одговараат. За мене постојат 2 опции. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------
Ѓорѓи Доновски рече дека им одговориле дека не треба со нив да преговараат.-----------------------------
Татјана Лазаревски додаде- да имавме поддршка, ќе ја сменеја понудата и немше ова да се случува. Сега прашувам, дали може да се продолжат преговорите со Голден арт, за да ни дадат подобри услови, виза ви ова. Зошто не не поддржите сега, праша. Можеме да му кажеме дека не ја прифаќаме понудата, дека бараме тоа и тоа.------------------------------------------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА
СКОПЈЕ

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Злате Поповски рече дека не сака сега да прави експертиза. Сега вие разговарате за тоа за што ние веќе сме го разговарале. Баравме формата на преговарање да биде таква да не може да преговара секој содржник. Никој не може сам да оди. Од тоа да не се прават аранжмани, се беше транспарентно.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Капедановски праша дали има право да викаат други понудувачи.--------------------------------------------
Јанчиќ Горан му одговори дека немаат на тоа право. Имотот е на Заеднички дејности. Одборот излегол од своите ингеренции да преговара без да бидат присутни содружниците, затоа тоа подгрева многу сомненија. Дали имате написмено да докажете дека управителот е известен, праша.--------------
Доновски Ѓорѓи одговори дека отворено на записник ќе каже, смета дека ги гушат.-----------------------
За збор се јави управителот на Заеднички дејности -Душко Црнокрак. Она што ќе го кажам, рече, го кажав и на собранието од 10 –ти мај. Управител сум од 01.01.2024 година и ја наследувам ситуацијата со продажбата . Тврдам дека се што сум направил е според напатствијата кооти собирот ги има донесено и дека немам направено ништо на своја рка. Исто така тврдам дека освен официјалните состаноци за кои сум бил овластен, ниту сум имал ниту имам контакт, еве кажувам дека од последното известување официјално со кое ние добиваме продолжен рок за одлуката, до конечно одржување, имав должност да ги известувам дека собранието не е завршено. Се надевав дека денес ќе се реши. Повеќето акционери се содружници во Заеднички дејности, процесот кој го наследив беше влезен во финале во смисла на конечни понудувачи и на собирот се договоривме за последна затворна понуда. Тоа значеше и значи дека после таква одлука на собирот ние немаме основ да прибираме други понуди, затоа што сме условно задоволни од двајцата понудувачи, но правиме маневар со кој што се обидуваме да извлечеме дополнителни средства. Тој маневар резултира со еден милион над последната понуда. Со тоа процесот на преговарање го заокружуваме. Имаме само момент како што е овој сега, за да помине или не. Ако не се изгласа, може да влеземе во ново поглавје, кое може ќе донесе помлку или повеќе пари. Да одговорам на Тања и Ѓорѓи. Никогаш не сум известен дека договараат состанок со Голден арт, дека сум викнат да ми се каже нештото, никогаш никој не ми кажал дека ќе комуницираат, дека имаат желба да се случи нешто подобро од аспект на понуда да, но им објаснив дека понудувањето е завршено и дека овој процес како таков мора да се заврши, позитивно или не, но конкретно дека сум викнат да ми се каже и отпосле дека разговарале, мислам дека е срамота да се лажеме. Што се однесува до она што се бара од мене нема проблем, но да се побара написмено. Најтранспарентно е воден процесот. Сакам да го искажам своето незадоволство не од идејата и желбата на Одборот да преговара, туку од немањето доволно комуникација и нашето исклучување. Јас сум тука да ги следам напатствијата на содружниците.
Ѓорѓи Доновски одговори дека сега викаат дека не ни бранат, но од друга страна се пригушени зошто процесот на преговарање бил затворен. Добро кажа што си наследил. Но треба да знаеш дека имаше прифатена понуда од 5,8 милиони, прифатена исто како сега од страна на сите содружници. -----------
Корина Киријас Цалева заклучи дека се се сведува на пари, да одлучиме дали ни одговараат 7 милиони.Просто е.---------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот рече дека сега треба да гласаат. Гледа дека има дилема дали да се одлучува со просто или 2/3 мнозинство и дека тој би бил виновникот, ако е вака или онака. Во статутот пишува вакава Одлука за измена и дополнување на статуот не може да се донесе со мнозинство помало од 2/3 од акции претставени на собранието. Собранието ја одобрува зделката со заинтересирана страна со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од мнозинството од претставени акции со право на глас. Предложи акционерите да гласаат дали ќе гласате со просто мнозинство. Нека си ја преземе одговорноста собранието.-------------------------------------------------------------------------------------------
Горан Антевски се спротиставува на овој предлог на претседавачот.-------------------------------------------
Претседавачот рече дека тој не може да одлучи со кое мнозинство ќе се гласа.------------------------------
Татјана Лазаревски рече дека Чедо убаво прашува, затоа што објавена е одлуката како голема зделка и треба да се објави на еи нет.------------------------------------------------------------------------------------------
Злате Поповски предложи одборот на директори да се огради и дека нема таква точка на дневен ред.
Претседавачот ја стави точката од дневниот ред на гласање.-----------------------------------------------

---

**За гласаа: 89093 гласа или 47,97%**---------------------------------------------------------------------------

**Против гласаа: 31.258 гласа или 16,83%**---------------------------------------------------------------------

**Воздржано гласаа: 65.313 гласа или 35,16 %**-------------------------------------------------------------

---

**Претседавачот констатира дека Собранието со 89.093 гласа или 47,97% ЗА, со 31.258 гласа или 16,83% ПРОТИВ и со 65.313 гласа или 35,16% ВОЗДРЖАНИ не ја донесе Одлуката за одобрување на купопродажба на недвижен имот опишан во Имотен лист број 58529 за КО Кисела Вода 2** ------------------------------------------------------------------------------------------

---

Листата за гласање по точка 2 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;-----------------------

---

Седницата на Собрание на акционери заврши со работа во 13,40 часот.------------------------------------

---

Во согласност со член 92 од Законот за Нотаријатот, потврдувам дека овој Записник го водев лично, своерачно и дека во него запишав се што се случуваше на седницата на собрание на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје одржана на 17.12.2024 година и дека истиот одговара на фактичката состојба, што и претседавачот го потврди со свој потпис.----------------------------------------
Претседавачот изјавува дека е изречно согласен и го овластува нотарот без негово присуство да изврши исправки на технички и јазични грешки во оваа нотарска исправа, со посебна писмена исправка во согласност со член 42 став 2 од Законот за нотаријатот, која ќе биде составен дел на оваа нотарска исправа и истата ќе му биде доставена.------------------------------------------------------------------

**Претседавач на Собрание на акционери**

**Чедомир Стојковски с.р.**________________________________________________________________

---

За потребите на барателот се издадени се два (2) изводи од овој Записник составени на шеснаесет (16) страни на шеснаесет (16) листа, а изворникот со сите прилози останува во мојата архива.---------
Нотарска такса по тарифен број 28 од ЗСТ и член 158 став 3 во износ од 500,00 денари е наплатена.-
Нотарската награда е пресметана по член 41 од Нотарската тарифа во износ од 10.000,00 денари и трошоци во износ од 360,00 денари согласно член 52 од Нотарската тарифа.--------------------------------

ОДУ број 305/2024
Скопје 17.12.2024 година (седумнаесетти декември две илјади дваесет и четврта година)

**НОТАР Стела Лазаревска**

НОТАР, СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА

Број: ОДУ 305/2024

Во Скопје 17.12.2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР